| | |
|---|---|
| Предмет | ОПСТИПАЦИЈА |
| Студиска програма | Општа медицина |
| Код | СМ-И-51 |
| Студиска година | По избор |
| Семестар | Зимски/летен |
| Вкупно часови | 15 |
| Кредити | 1 |
| Вид на предмет | Изборен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува | Клиника за гастроентерохепатологија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Мирко Крстевски |
| Адреса: | Клиника за гастроентерохепатологија,Медицински факултет,Водњанска 17,1000 Скопје,тел++389 2 3 230 774; e-mail: krstevski_m@yahoo.com |
| Клучни зборови | Медицински факултет, додипломска настава, изборен предмет, опстипација |
| Учебни цели | • Да го дефинира поимот опстипација<br>• Да разликува симптоми на акутна од хронична опстипација<br>• Да препознава симптоми на фекална импакција<br>• Да препознава функционални, ендокринолошки и невролошки причини за опстипација<br>• Да знае да изведува ректално туше<br>• Да практикува употреба на ректална клизма<br>• Да разликува кога е неопходна медикаментозна стимулација<br>• Да знае кога ќе препорачува оперативно лекување<br>• Да знае да практикува "biofidbek" терапија |
| Кратка содржина (извадок) | Теоретска настава:<br>• Дефиниција и симптоми на опстипација<br>• Епидемиологија<br>• Класификација<br>• Физиологија на дефекација<br>• Ендокринолошки причини за опстипација<br>• Опстипација на како резултат на болести на<br>• ЦНС или на надворешната инервација<br>• Опстипација поради болести на глатката мускулатура на дебелото црево<br>• Опстипација поради болести на ентералниот нервен сплет<br>• Пореметувања на аноректумот и карличното дно<br>• Медикаменти како причина за опстипација<br>• Психијатриски болести како причина за<br>• опстипација<br>• Синдром на иритабилен колон<br>• Физикален преглед на пациентот<br>• Еедноставни клинички иследувања<br>• (лабораториски анализи)<br>• Дополнителни клинички испитувања<br>• Медикаментозен третман-општи мерки<br>• Лаксативи<br>• Тренинг за дефекација<br>• Лекување на опстипација кај деца и млади особи<br><br>Практична настава:<br>Вежби со преглед на пациент, ректално туше,читање на РТГ слики кај опстипирани пациенти,користење на биофидбек техники во лекување на опстипацијата |

<table>
<tr><td>Организација</td><td>Теоретска (интерактивна) настава: 8 часа<br>Практична настава 7 часа</td></tr>
<tr><td>Методи на учење</td><td>Интерактивни предавања и вежби</td></tr>
<tr><td>Предвидени учебни резултати</td><td>Знаење и разбирање: Студентот ќе се стекне со знаење за сите грешки во лекување на опстипацијата, да ги разликува невролошките од интернистичките причини за опстипација,<br>Клучни вештини: ќе може да прави ректално туше и да го анализира наодот, ќе може да чита и да ги анализира РТГ наодите кај состојби на запек, да утврдува и разликува метеоризам кај опстипиран пациент од оној кај акутен абдомен, да разликува локален наод кај хемороидална болест од ректален пролабс, да открива слабост на карличното дно. Да аплицира соодветна медикаментозна терапија и да препознае хирушка состојба како причина за акутна опстипација.</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за наставата</td><td>Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>
<table>
<tr><td rowspan="2">Вид на активност</td><td colspan="2">Бодови</td></tr>
<tr><td>минимум</td><td>максимум</td></tr>
<tr><td>Теоретска настава*</td><td>14</td><td>16</td></tr>
<tr><td>Практична настава**</td><td>16</td><td>28</td></tr>
<tr><td>Проверка на знаења</td><td>4</td><td>8</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>26</td><td>48</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>60</td><td>100</td></tr>
</table>
<br>* Присуство на теоретска настава: (задолжително е присуство на >80% од предавањата): 14 бода<br>** практичната настава: (задолжително е присуство на сите вежби) :<br><br>присуство = 1 бод<br>активност на вежби = 1 бод<br>успешно поминат квиз (40-50%) успешност во совладување на задачите) = 2 бода</td></tr>
<tr><td>Проверка на знаењата</td><td>Квизови (најавени и ненајавени) писмени: секој успешен квиз (ги има вкупно 4) носи 2 бода<br><br>Завршен испит: практичен<br><br>1. Студентот е должен да направи ректално туше и препознае патолошки супстрат од измет или празна ампула на ректумот:20<br>бода<br>2. да препорача стил на живот, да состави диета кај одредена патолошка состојба (ендокринолошко или невролошко<br>пореметување) со опстипација како нејзина последица: 14бода<br>3. Да состави листа на лекови кај одредени патолошки состојби чија последица е опстипацијата: 14 бода<br><br>Оценувањето на студентот е описно (положил).</td></tr>
<tr><td>Учебни помагала</td><td>• Извадоци од учебникот Gastrointestinal and liver disease од авторите Sleisenger& Fordtan’s<br>• CD и други матерјали во електронска форма за вежба</td></tr>
</table>